ПРОФ. М-Р ГОРДАНА ВРЕНЦОСКА, ПРОДЕКАН ЗА НАСТАВА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА АРТ И ДИЗАЈН ПРИ ЕУРМ

# „МОДАТА И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО“ им помогна на студентите да ги надградат своите креативни способности




Минатата недела на 17 декември, во просториите на Британскиот совет во Скопје се одржа средба на сите учесници во проектот „Модата и културното наследство“, на која беа доделени и благодарници за придонесот во досегашните проектни активности. Средбата беше убава можност да се направи ретроспектива на сработеното и преку заедничка дискусија да се анализираат искуствата од сите изминати фази на проектот. Претставниците на трите институции – партнери во проектот: Британски совет во Македонија, Европски универзитет – Р. Македонија и НУ Музеј на Македонија, како и на соработниците Моден викенд Скопје, ги искажаа своите импресии и заклучоци од заедничката соработка. Највнимателно беа проследени мислењата на 15–те студенти од Факултетот за арт и дизајн, кои беа сржта на овој проект. Тие ги потенцираа сериозноста и предизвикот да се истражува и да се одговори на темата, но се задоволни од сите нови методи на истражување, дизајнирање и презентација што ги научија во неколкумесечниот процес на работа. Започнувајќи најпрвин со работилницата која во мај се одржа во Музејот на Македонија, а потоа и со развојните фази и изложбата „Свадбени приказни“ одржана во рамките на Моден викенд Скопје во октомври–ноември, тие имаа можност да искусат нови начини на соработка, тимска работа, интеракција со публиката и медиумите.



Важен знак за успешноста на проектот беше и широкиот одѕив во јавноста и интересот на медиумите за изложбата на која беа претставени современи интерпретации на облеката, текстилот и накитот од локалните свадбени традиции. Беа објавени значаен број написи, интервјуа и фотостории во домашните и странските медиуми, а Македонската телевизија сними и документарна емисија за изложбата. Со наслов „Свадбени приказни“, оваа емисија веќе двапати се емитуваше на националниот сервис. Тие брзо ја препознаа важноста на овој проект и ја снимија емисијата додека изложбата се уште беше поставена во Музејот на Македонија.

> Важен знак за успешноста на проектот беше и широкиот одѕив во јавноста и интересот на медиумите за изложбата на која беа претставени современи интерпретации на облеката, текстилот и накитот од локалните свадбени традиции. Беа објавени значаен број написи, интервјуа и фотостории во домашните и странските медиуми, а Македонската телевизија сними и документарна емисија за изложбата. Со наслов „Свадбени приказни“, оваа емисија веќе двапати се емитуваше на националниот сервис. Тие брзо ја препознаа важноста на овој проект и ја снимија емисијата додека изложбата се уште беше поставена во Музејот на Македонија

Она што претстои како завршница е научниот дел со анализите на истражувачко–развојните фази на проектот, за кои ќе бидат задолжени менторите и професорите вклучени во проектот: проф. м–р Гордана Вренцоска, проф. м–р Јана Манева Чупоска и доц. м–р Јовица Мијалковиќ од Факултетот за арт и дизајн, како и проф. д–р Лидија Наумовска и доц. д–р Елизабета Стамевска од Факултетот за економски науки. Планирано е публикување на резултатите во 2016 година, што ќе биде уште еден придонес во промовирањето на културното наследство како важен сегмент во современите дизајнерски текови.■

СИНДИКАТОТ И МИНИСТЕРСТВОТО СЕ ДОГОВОРИЈА

# НА НАД 500 МЕДИЦИНСКИ СЕСТРИ ПЛАТАТА ЌЕ ИМ СЕ ЗГОЛЕМИ ЗА 6.000 ДЕНАРИ



Од февруари идната 2016 година над 500 здравствени работници ќе можат да земат повисоки плати. На овој список ќе се најдат медицински сестри, рентген техничари, физиотерапевти, лаборанти кои се со високо образование и со тоа ќе се овозможи подобро вреднување на нивниот труд.

За таа цел министерот за здравство Никола Тодоров и претседателот на Самостојниот синдикат за здравство, фармација и социјална заштита, Љубиша Каранфиловски, вчера потпишаа анекс на Колективен договор со кој ќе се овозможи овие здравствени работници да добијат додаток на платата, во насока на целокупно унапредување на работниот процес.

Според Каранфиловски, корекцијата ќе биде со февруарската плата на која ќе се коригира коефициентот, односно процентот на корекцијата на платата ќе биде 36,9 отсто. Каранфиловски дополни дека корекцијата на коефициентот се однесува за сите медицински сестри кои до 30 ноември 2015 година го завршиле високото образование и се во работен процес.

– Сите оние кои ќе завршуваат во 2016 година нема да бидат во овој процес, односно тие ќе бидат во наредниот бран – додаде Каранфиловски.

Како што објасни министерот Тодоров, се аналираат состојбите во сите јавни здравствени установи каде одреден дел од здравствените работници со средно стручно образование, во меѓувреме имаат завршено високо стручно образование (во времетраење од 3 години, односно со стекнати 180 ЕКТС кредити).

–Бројките говорат дека над 500 здравствени работници од повеќе ЈЗУ кои ќе бидат опфатени и отсега ќе добиваат додаток на платата во износ од околу 6.000 денари вкупно, односно во три наврати зголемување на платата за околу 2.000 денари и тоа со февруарската, јунската и декемвриската плата – објасни Тодоров.

Овие здравствени работници веќе извесно време очекуваат соодветно вреднување на вложениот труд.

– Ова е значаен чекор во насока на вреднување на стекнатото образование и финансиско надоместување на здравствените работници – смета Тодоров.

Според него, министерството континуирано вложува во унапредување на работата не само на докторите, туку и на останатиот медицински персонал и во рамки на проектот за едукација на медицинскиот кадар во странство.

–Досега 753 лица од останатиот медицински персонал медицински сестри, физиотерапевти, техничари се едуцирани во врвни медицински центри во Словенија, Турција, Бугарија, Германија итн., и тоа 582 медицински сестри, 41 физиотерапевт, 67 радиолошки технолози, 39 лаборанти – вели Тодоров.■ **(В.Ма.)**

